**д -р ТАТЈАНА АТАНАСОВА - ПАЧЕМСКА**
**ЖАКЛИНА РИСТОВСКА**
**ЛИНДИТА МАМУТИ**
**САДИЈЕ РАМАДАНИ**
**ЈАДРАНКА КЛИСАРОВА**
**ЛИДИЈА КАМЧЕВА - ПАНОВА**
**ИРЕНА ХРИСТОВСКА**

*МАТЕМАТИКА*




*МАТЕМАТИЧКА РАБОТИЛНИЦА*




# ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

## НАСОКИ ЗА ПРИМЕНА НА УЧЕБНИКОТ ПО МАТЕМАТИКА

### ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Почитувани**,

Прирачникот е наменет за наставниците, со цел да им помогне и да ги поттикне на изработка на сопствени планирања. Сите содржини се предлог или идеја како да се презентираат содржините од учебникот и книгата Математичка работилница. **Дневните планирања се работени според најновите насоки и барања од БРО, учебниците и наставниот план и програма за второ одделение на деветгодишното основно образование.**

Дидактичките помагла по математика се состојат од:

1. Учебник по математика за второ одделение
2. Математичка работилница - работни листови
3. Математичка работилница - листови за проверка на знаењата

**Учебникот по математика** е конципиран така за да ја задоволи детската љубопитност за усвојувања на знаења за нивна возраст. Низ него, учениците, во усвојувањето на математичките знаења, ги водат ликовите Ана, Кире и пчеличката Тина. Во почетокот на секоја содржина се започнува со слика или математичка задача според која се води разговор, со цел усвојување на математички поим, постапка, правило, закон или техника на решавање на задачите. Почетните активности се креирани така, да на многу едноставен начин ја доближува математиката до секојдневието на децата. Истата идеја создава можност за интеграција на содржините од математика со македонски јазик, запознавање на околината и сл.

**Книгата Математичка работилница** содржи активности за повторување, утврдување и продлабочување на знаењата и активности за следење на постигањата. Задачите се распоредени во три тежински нивоа со што се овозможува ученикот, родителот или наставникот, многу лесно да го открие степенот на усвоеност на материјалот. Со тоа се создава услов за надминување на нејаснотиите при решавање на задачите.

**Прирачникот за насоки** за работа со учебникот и книгата е наменет за наставниците, со цел да им помогне при изработка на планирања во наставата по математика.

Содржи:

- Годишно и глобално планирање,
- Распоред на содржините по месеци
- Очекувани резултати од секоја тема,
- Модели на дневни подготовки
- Модели на чек листи за формативно оценување.

Се надеваме дека користењето на прирачникот ќе Ви помогне во осмислувањето на Вашите интерни подготовки и ќе Ви го унапреди дидактичко - методичкото искуство.

Сите сугестии, предлози и подобрувања се добредојдени.

**Можете да ги испратите на следната контакт адреса:**

**matematika2@t-home.mk**

**Од авторите**

**Годишен глобален план 4 часа неделно 144 часа годишно**

| реден број | програмаска тема | број на часови | | | | време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | обработка | вежби активности | тематски тестови | вкупно | |
| **1.** | **Форми во просторот, форми во рамнината и односите меѓу нив** | **11** | **5** | **1** | **18** | **IX** |
| **2.** | **Решавање на проблемски ситуации** | **10** | **9** | **/** | **19** | **IX, X** |
| **3.** | **Броеви до 20.Собирање и одземање** | **54** | **28** | **2** | **84** | **X - VI** |
| **4.** | **Мерење** | **10** | **4** | **1** | **15** | **XII,II,III,IV** |
| **5.** | **Работа со податоци** | **4** | **4** | **/** | **8** | **IX - VI** |
| **вкупно часови** | | **90** | **50** | **4** | **144** | |

**Цели:**

- одредуваат, именуваат и разликуваат предмети во форма на геометриски фигури
- воочуваат и одредуваат односи меѓу предметите во непосредната околина;
- формираат и графички претставуваат множества
- осознаваат предметите преку практични искуства и конкретни материјали;
- сфаќаат поимот број преку множествен приод;
- формираат претстава за десетка
- сфатаат броевите до 20 како потреба во секојдневниот живот;
- изведуваат и практично ги применуваат операциите собирање и одземање до 20;
- решаваат проблемски ситуации;
- споредуваат и мерат време,должина и маса.Се служат со пари до 20 ден.;
- прибираат,класифицираат и споредуваат податоци;
- читаат, интерпретираат и презентираат податоци;
- воведуваат и користат ИКТ за содржини од математиката

**Следење и оценување на постигањата на учениците:**

- Се врши дијагностичко согледување на претходните искуства и знаења;
- Следењето се врши со примена на евиденциони и чек листи, анегдотски белешки;
- Постојано набљудување на реализирањето на активностите од ученикот;
- Примена на наставни и контролни листови за секоја тема;
- Проверка на знаењата и способностите на крајот од учебната година;
- Описното оценување по тримесечја и на крајот на годината се врши според реализација на темите во тој период;

**1 тема: Форми во просторот, форми во рамнината и односите меѓу нив**

| | **Предмети во форма на геометриски тела** | | |
|---|---|---|---|
| **реден број** | **наставни содржини** | | **време на реализација** |
| 1. | Предмети во форма на топка, коцка и цилиндер-вежби | | IX |
| 2. | Предмети во форма на конус | | 17 часа |
| 3. | Предмети во форма на квадар | | |
| 4. | Предмети во форма на пирамида | | |
| 5. | Пирамида, квадар, конус - вежби | | |
| 6. | Предмети во форма на геометриски тела - утврдување(р. листови) | | |
| 7. | Едноставни проблемски ситуации стр. 32/33 | тема: Решавање на проблемски ситуации | |
| | Геометриски фигури во рамнина | | |
| **8.** | Триаголник, круг | | |
| 9. | Триаголник, круг - вежби | | |
| 10. | Квадрат, правоаголник | | |
| 11. | Квадрат, правоаголник - вежби | | |
| **12.** | Препознавање на форми/Формирање на фигури | | |
| **13.** | Танграм стр. 53/54 | тема: Решавање на проблемски ситуации | |
| 14. | Прави и криви линии | | |
| 15. | Отворена и затворена крива линија | | |
| 16. | Прави,криви,отворени и затворени линии - вежби | | |
| | Односи меѓу предметите | | |
| 17. | Горе - долу /Над - под | | |
| **18.** | Блиску - далеку /Пред - зад | | **X** |
| 19. | Внатре, надвор, на/ Меѓу, се допира | | 18 часа |
| **20.** | Лево - десно | | |
| 21. | Форми во просторот и односи меѓу предметите - утврдување | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. | Најпрвин, потоа, на крај<br>Пред тоа, по тоа стр. 37/38 | тема: Решавање на проблемски ситуации | |
| 23. | Никогаш, секогаш<br>Никогаш, секогаш, можеби стр. 39/40 | тема: Решавање на проблемски ситуации | |
| 24. | *Проблемски ситуации - вежби* | тема: Решавање на проблемски ситуации | |
| 25. | Активности за следење на ученикот | | |

***Цели:***

- препознаваат и именуваат геометриски тела;
- класифицираат и споредуваат предмети по големина, форма и боја;
- определуваат и вербално ја искажува положбата на предметите во нивниот меѓусебен однос со примена на соодветна терминологија;
- оспособуваат графички да ги претставува меѓусебните односи на предметите;
- формираат разни фигури од логички плочки;
- поврзуваат со линија две или три групи од објекти за прикажување на изучените односи;
- да направат класификација на логичките плочки по дадени признаци;
- определуваат објект кој недостасува;
- развивање на логичкото мислење, способност за воочување и заклучување и споредување;
- коритење со линијар за цртање на прави линии;
- научат да цртаат со помош на шаблон;
- откриваат изучените геометриски фигури во непосредната околина;

Активности:

- моделирање на различни линии;
- поставување на предмети надвор, внатре или на линијата;
- формирање на фигури со помош на манипулативни средства;
- боење на внатрешноста или надворешноста на предмет или објект;

**III. Наставни средства, материјали и други услови за реализација ( се планира според условите за работа)**

**IV. Следење и оценување на постигањата на ученикот( се планира според условите за работа)**

***Очекувани резултати:***

- Препознава и именува предмети во форма на геометриски тела;
- Именува и црта со помош на шаблон: круг, триаголник, квадрат и правоаголник;
- Одредува и графички ги претставува меѓусебните односи на предметите;
- Прпознава и именува: права, крива, отворена и затворена линија;
- Црта со помош на линијар прави линии

**2 тема: Решавање проблемски ситуации**

| реден број | наставни содржини | време на реализација |
|---|---|---|
| | **Множества** | |
| *1.* | Множества | |
| *2.* | Графичко претставување на множества (елемент на множество, припаѓа, не припаѓа) | |
| *3.* | Активности со логички плочки | |
| *4.* | Активности со логички плочки | |
| *5.* | Елемент на множество, припаѓа, не припаѓа - вежби | |
| *6.* | Повеќе, помалку, исто толку | |
| *7.* | Унија на множества | |
| *8.* | Унија на множества - вежби | |
| | Множества- вежби | |
| *9.* | Работа со податоци | |
| *10.* | Активности за следење на ученикот | |
| *11.* | Ден, месец, година | **XI** |
| *12.* | Пладне, навечер, утре | **16 часа** |
| *13.* | Активности за следење на ученикот | |
| *14.* | Гледање во простор | |

❖ **Оваа тема се обработува на посебни часови ,но и како дел од други наставни теми и содржини**

***Цели:***

- пронаоѓаат логичност во редоследот на подреденоста на геометриските фигури;
- решава едноставни проблемски ситуации
- се движи во простор според нацртана шема
- утврдува логичната поврзаност на настаните
- проценува неверојатен, можен и секогаш можен настан
- формираат множества според заедничко својство на елементитте;
- да откриваат примери за множество од непосредната околина според изучените признаци(големина, дебелина, боја и форма)
- разбирање на поимите припаѓа и не припаѓа и правилно да ги користи;
- развивање на способност за заклучување, воочување;
- формираат унија на множества;
- именуваат, разликуваат и споредуваат состојбите што се однесуваат на поимот време
- прави едноставни фигури по дадена шема од елементи на танграм
- формирање на навики за правилно користење со приборот за цртање и пишување;

***Очекувани резултати:***

- Пронаоѓа логичност во редоследот на подреденоста на геометриските фигури;
- Решава проблемски ситуации: наоѓа дел што недостасува или соодветен пар;
- Се движи во просторот според нацртана шема;
- Утврдува логична поврзаност на настаните;
- Проценува неверојатен, можен и секогаш можен настан во познати ситуации;
- Класифицира предмети според еден и два признаци;
- Претставува множества со Венов дијаграм;
- Формира унија од две и три множества;
- Прави фигура по дадена шема;
- Воочува и искажува разлики на предмет гледан однапред, одназад и отстрана;

**3 тема: Броеви до 20. Собирање и одземање**

| **реден број** | **наставни содржини** | **време на реализација** |
|---|---|---|
| | **Броеви до 20** | |
| *1.* | Броње до 20 | |
| *2.* | Броење до 20 преку еден и два броја | |
| *3.* | Редни броеви | |
| *4.* | Активности за следење на ученикот | |
| *5.* | Бројот 1 | |
| *6.* | Бројот 2 | |
| *7.* | Бројот 3 | |
| *8.* | Бројот 1, 2, 3 - вежби | |
| *9.* | Бројот 4 | |
| *10.* | Бројот 5 | |
| *11.* | Активности за следење на ученикот | |
| *12.* | Поголемо,помало | **XII** |
| *13.* | Еднакво | **19 часа** |
| *14.* | Споредување на броеви - вежби | |
| *15.* | Работа со податоци | |
| *16.* | Собирање | |
| *17.* | Собирање-вежби | |
| *18.* | Одземање | |
| *19.* | Одземање до 5 - активности за следење на ученикот | |
| *20.* | Бројот 0 | |
| *21.* | Бројот 0 - вежби | |
| *22.* | Собирање и одземање до 5 | |
| *23.* | Задачи за повторување | |

| | | |
|---|---|---|
| *24.* | Активности за следење на ученикот | |
| *25.* | Бројот 6 и 7 | |
| *26.* | Собирање и одземање до 7 | |
| *27.* | Собирање и одземање до 7 - вежби | |
| *28.* | Бројот 8 и 9 | |
| *29.* | Собирање и одземање до 9 | |
| *30.* | Активности за следење на ученикот | |
| *31.* | Бројот 10 | **I** |
| *32.* | Броеви до 10 - броење и споредување (р.л) | **4 часа** |
| *33.* | Собирање и одземање до 10 | |
| *34.* | Собирање и одземање до 10 | |
| *35.* | Промена на местата на собироците | **II** |
| *36.* | Претходник - следбеник | |
| *37.* | Претходник - следбеник | |
| *38.* | Еднакво - нееднакво | |
| *39.* | Собирање и одземање до 10 - вежби | |
| *40.* | Работа со податоци | |
| *41.* | Работа со податоци | |
| *42.* | Активности за следење на ученикот | |
| | **Броеви од 11 до 20** | |
| *43.* | Десетка | |
| *44.* | Броеви од 11 до 20 | |
| *45.* | Пишување на броевите од 11 до 20 | |
| *46.* | Единици и десетки | |
| *47.* | Единици и десетки - вежби | |
| *48.* | Едноцифрени и двоцифрени броеви | |
| *49.* | Активности за следење на ученикот | **III** |
| *50.* | Парни и непарни броеви | |
| *51.* | Парни и непарни броеви - вежби | |
| *52.* | Собирање од типот 10 + 5 | |
| *53.* | Собирање од типот 10 +5 - вежби | |
| *54.* | Одземање од типот 15 - 5 | |
| *55.* | Активности за следење на ученикот | |
| *56.* | Собирање 13 + 2 | |
| *57.* | Собирање 13 + 2 - вежби | |
| *58.* | Одземање 18 - 5 | |
| *59.* | Одземање 18 - 5 - вежби | |
| *60.* | Одземање 15 - 13 | |
| *61.* | Одземање 15 - 13 - вежби | |
| *62.* | Непознат собирок | |
| *63.* | Непознат собирок - вежби | |
| *64.* | Непознат намаленик и намалител | |
| *65.* | Активности за следење на ученикот | |

| | | |
|---|---|---|
| *66.* | Групирање на собироци | **IV** |
| *67.* | Групирање на собироци - вежби | |
| *68.* | Собирање без премин до 20 - вежби | |
| *69.* | Активности за следење на ученикот | |
| *70.* | Собирање со премин од тпот 8 + 3 | |
| *71.* | Собирање со премин од тпот 8 + 3 - вежби | |
| *72.* | Одземање од типот 13 -5 | |
| *73.* | Одземање од типот 13 -5 - вежби | |
| *74.* | Собирање и одземање(8 +6) ( 12 -5) - вежби | |
| *75.* | Собирање и одземање(8 +6) ( 12 -5) - вежби | |
| *76.* | Активности за следење на ученикот | |
| *77.* | Го користиме стекнатото знаење | |
| *78.* | Го користиме стекнатото знаење | |
| *79.* | Текстуални задачи | |
| *80.* | Текстуални задачи | |
| *81.* | Дропки, цело, дел од цело | |
| *82.* | Половина, четвртина | **V** |
| *83.* | Дропки вежби | |
| *84.* | Задачи за повторување | |
| *85.* | Дропки - вежби | |
| *86.* | Работа со податоци | |
| *87.* | Активности за следење на ученикот | |

***Цели:***

- да научат да бројат до 20 и обратно, како и со прескокнување преку еден или два броја;
- препознавање,читање , споредување и запишување на броевите до 20;
- оспособуваат да формираат претстава за десетка;
- разликуваат едноцифрен од двоцифрен број;
- формираат претстава за парен и непарен број;
- да научат да запишуваат и разликуваат знаците <, >, = , ≠, + и -;
- правилно и сигурно собираат и одземаат до 20;
- разбираат термините: собирок, збир, намаленик, намалител и разлика;
- умеат да запишат цифра за даден број;
- претставуваат едноставни проблемски ситуации со броен израз;
- решаваат едноставни текстуални задачи;
- практично применуваат промената на местата и групирањето на собироците;
- препознаваат и разликуваат на цело и дел од цело;
- одредување,запишување,моделирање и споредување на половина и четвртина;
- одредуваат непознати компоненти при одземање и собирање;

***Активности:***

- со помош на математички семафор формирање на низи од броеви;
- формирање на таблици за собирање до 5, до 10 и до 20;
- претставување на збир со помош на домино;
- формирање броен израз за проблем даден со слика;
- превиткување и сечење на хартија на 2 или 4 еднакви делов; препознавање на форми од тангарам(модел)

***Очекувани резултати:***

- чита и пишува броеви до 20 и симболите <, >, =, +, - и ги применува во математички изрази;
- споредува броеви до 20 по големина;
- ги применува редните броеви до 10;
- умее да собира и одзема броеви до 20;
- применува термините: збир, собирок, разлика, намаленик, намалител низ конкретни операции;
- на конкретно ниво ја воочува промената на местата на собироците и групирање на собироците;
- одредува бројната вредност на бројните изрази со и без загради;
- умее да решава едноставни текстуални задачи;
- препознава цело, дел од целото . четвртина, половина

**III. Наставни средства, материјали и други услови за реализација ( се планира според условите за работа)**

**IV. Следење и оценување на постигањата на ученикот (се планира според условите за работа)**

# 4 тема: Мерење

| реден број | наставни содржини | време на реализација |
|---|---|---|
| □ | **Должина** | **V** |
| *1* | Мериме должина во педи, чекори, прсти | |
| *2* | Метар | |
| *3* | Центиметар | |
| *4* | Метар, центиметар - активности за следење на ученикот | |
| | **Маса** | |
| *5* | Дланка, грст | |
| *6* | Дланка, грст - вежби | |
| *7* | Килограм | |
| *8* | Килограм - активности за следење на ученикот | |
| □ | **Пари** | |
| *9* | Детето и економијата | |
| *10* | Монети и банкноти | |
| *11* | Монети и банкноти - решавање на задачи | |
| | **Време** | **VI** |
| *12* | Поим за време - часовник | |
| *13* | Час | |
| *14* | Читање и запишување на време во часови | |
| *15* | Организација на денот на еден ученик- по часови | |
| *16* | Мерење - повторување | |
| *17* | Годишен тест | |
| *18* | Анализа на годишниот тест | |

***Цели:***

- мери, проценува и споредува димензии искажани со нестандардни мерки за должина и маса
- навика за правилно користење со часовникот;
- разбирање и читање на времето од часовник;
- мерење  и споредување на должината на предмети во метри и центиметри;
- користи елемнтарни поими од економијата
- користи монети и банкноти од 10 денари

- препознавање и разликување  инструменти за мерење на маса
- мерење на маса во килограми,
- користење на вагата;

***Активности:***

- читање на времето од часовник;
- изготвување на ценовник на производи;
- изготвување на календар на дневните активности на ученикот;импровизција на пазар ,маркет;
- мерење на разни предмети;

***Очекувани резултати:***

- мери, проценува и споредува должини искажани во центиметри и метри
- мери и црта прави линии со линијар;
- мери маса во килограми со помош на вага;
- проценува и споредува маса на предмети и ја проверува проценката со мерење;
- користи елементарни поими од економијата
- искажува вредност на предмети во денари;
- чита и мери време со часовник, искажано во часови;

**III. Наставни средства, материјали и други услови за реализација ( се планира според условите за работа)**

**IV. Следење и оценување на постигањата на ученикот( се планира според условите за работа)**

**5 тема: Работа со податоци**

***Цели:***

- прибирање,селектирање,подредување и средување на податоци;
- читање на податоци подредени во сликовити прикази;
- проверување на својата претпоставка преку експеримент;
- навика за работа со податоци и користење во секојдневниот живот;

***Очекувани резултати:***

- собира, подредува и внесува податоци со симболи;
- прави графички прикази на податоци;
- чита податоци од сликовити прикази;

**ИИИ Наставни средства, материјали и други услови за реализација ( се планира според условите за работа)**

**ИВ Следење и оценување на постигањата на ученикот( се планира според условите за работа)**

- ***Оваа тема се обработува на посебни часови ,но и како дел од други наставни содржини.***

## ИРЕНА ХРИСТОВСКА

| |
|---|
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во просторот |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Предмети во форма на топка, коцка и цилиндер-вежби |
| **ЦЕЛ:**<br>Да се оспособат да го препознавaат и именуваат геометриските тела топка, коцка и цилиндер и да воочуваат предметите во форма на овие геометриски тела во непосредната околина. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>ножички, дрвени боички, лепило, креда во боја |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Учениците се поделени во парови свртени грб со грб, така што едниот ученик е свртен кон таблата. Наставникот му дава лист хартија на која предходно тој има нацртано цртеж со геометриски тела (топка, коцка и цилиндер) . Ученикот треба од таа позиција да му го објаснува цртежот на својот пар, давајќи му насока за тој да може што поидентично да го нацрта цртежот на листот. Покрај тоа што учениците ги повторуваат веќе учените геометриски тела тие воедно ги повторуваат и учените односи меѓу предметите, разликите во бојата и големината.Играта се повторува неколку пати. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Активностите на учениците се насочуваат во учебникот на страна 6 и 7. Со насока и напатствија од страна на наставникот за самостојна реализација на зададените задачи од страна на учениците. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Заедничка анализа-проверка на стореното. Примена на соодветни мерни инструменти за следење и описно оценување (дијагностичко) на ученици кои од страна на наставникот се определени за опсервација во текот на овој училишен ден. Практична активност на учениците: изработка на мрежата на коцка и цилиндер дадена во прилогот на крајот на учебникот. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| |
|---|
| **Дневна подготовка** |
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во просторот |

| |
|---|
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Предмети во форма на конус |
| **ЦЕЛ:**<br>Да се оспособат да го препознаваат и именуваат геометриското тело конус и да воочуваат предметите во форма на ова геометриско тело во непосредната околина.<br>Да се потикнува односно развива толеранцијата меѓу членовите на овој колектив, конкретно меѓу групите кои ќе се создадат. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>корнети за сладолед, конзерви од кока кола или било кој друг сок, ножички, дрвени боички, лепило, креда во боја |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Учениците се делат во групи со по 5 членови. Секоја група добива по 3 конзерви лименки и на секој член по 2 стапчиња. На даден знак имаат за задача да ги наредат лименките една врз друга со помош на стапчињата и меѓусебна помош но ни случајно со раце. Наредените конзерви остануваат на масичките и им се дава ново задолжение, на ист начин едно врз дуго да ги наредат 5те корнети поставени на масичките на секоја група. Се прогласуваат победници, која група најбрзо и најуспешно ги поставила предметите едни врз други. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Разговор по реализираната игра за нејзините правила, начин на кординирано партнерско однесување на учесниците во групите, а пота разговор за предметите кои се користени во играта, цилиндерот кој им е познат и геометриското тело конус кое се разгледува во групите преку корнетот. Воочување и посочување со детски речник на сличностите и разликите во формата на конусот и цилиндерот . Именување и покажување на други предмети од непосредната околина со форма на конус од страна на наставникот и учениците по што ќе следат активности на учениците во учебникот на страна 8. Напатсвија од стрна на наставникот за задолженијата што ги имаат односно ги бараа задачите. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Заедничка проверка на активноста во учебникот и индиректно истакнување на целта на часот. Практична активност на учениците изработка на конус од мрежата дадена во прилогот на крајот на учебникот. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| Дневна подготовка |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во просторот |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Предмети во форма на квадар |
| **ЦЕЛ:**<br>Да се оспособат да го препознаваат и именуваат геометриското тело квадар и да воочуваат предметите во форма на ова геометриско тело во непосредната околина. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>ножички, дрвени боички, лепило, креда во боја |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>На таблата истакнува плакат со нацртани контурни линии на топка, коцка и цилиндер, а и квадар со болдирани контурни линии. Ги именуваат заедно веќе учените геометриски тела издвојувајки го квадарот и задржувајки се на неговиот изглед сличности и разлики со останатите геометриски тека. Потоа учениците заедно со наставникот се придвижуваат низ просториите на училиштето, посебно задржувајки се во информатичката лабараторија. Целта на ваквата прошетка е сами да ги воочат предметите од непосредната околина кои имаат форма на геометриското тело квадар. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>По враќањето во училницата уште еднаш се набројуваат предметите што се видени и нивните форми. Акцентот се дава на квадарот и сите воочени предмети со форма на квадар. По оваа активност се разгледува сликата во учебникот на стр.9 по што со заедничко проследување на напатствијата за работа на задачите се решаваат истите. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Практична активност на учениците, изработка на квадар од дадената мрежа во прилогот на крајот на учебникот. Задолжение: да ја исечат мрежата на квадарот, да ја обојат и истата да ја залепат. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| Дневна подготовка |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во просторот |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Предмети во форма на пирамида |
| **ЦЕЛ:**<br>Да се оспособат да го препознаваат и именуваат геометриското тело пирамида и да воочуваат предметите во форма на ова геометриско тело во непосредната околина. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>На пребарувачот гоогле „егѕптиан пѕрамид„ - страните што ќе се излистаат се остава да бидат избор на секој наставник поединечно зависно од сите пропратни услови што се наметнуваат.,дрвени боички, бел лист хартија,ножички, лепило, креда во боја |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Наствникот да прибере матерјали за пирамидите во Египед, слики за истите или учениците да ги однесе во лабараторијата за информатика каде што на Интернет предходно ќе пронајде веб страна на кој идндиректно ќе разговара за историјата но постојано ќе го насочува вниманието на децата кон сликите што се излистуваат и изгледот на таквите зданија кои ќе ги насочува да ги именуваат. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Активностите се пренасочуваат во учебникот на страна 10 каде наствникот заеднички ги проследува содржините на задачите , а учениците самостојно или во групи истите ги решаваат. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Кратка проверка на решенијата од страна на наставникот. Се формираат три поголеми групи и секоја група добива по еден лист хртија на кој што треба да доловат еден од моментите на живеење на фараоните и Египет (се разбира со пирамидита како неизбежен дел од таа целина) или изработка на мрежата на пирамидата дадена во прилог на крајот на учебникот. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| Дневна подготовка |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во просторот |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Пирамида, кавадар, конус - вежби |
| **ЦЕЛ:**<br>Да воочуваат предмети од непосредната околина во форма на учените геометриски тела.Развивање на способност да ги препознаваат и именуваат геометриските облици , нивната боја и големина. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>предмети од непосредната околина со форма на пирамида, кавадар и конус |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Во текот на изминатиот период додека се совладуваат геометриските тела се претпоставува дека наставникот со учениците има создадено збирка од најралични предмети со форма на пирамида, квадар и конус. Разновидните премети се поставуваат на најразлични места во училницата. Учениците се делат во две групи и со веќе учена бројалка се определува кој по кој редослед ќе игра. На даден знак наставникот им покажува еден предмет на прво определените од групата , а тие најбрзо што можат треба да пронајдат друг предмет со иста форма од распоредените(скриените) низ училницата, кој предмет го носат во својата група. Откако ќе го остават предметот, вторите се приближуваат кон наставникот кој подигнува нов предмет, за кој се повторува истата постапка. На крајот се пребројуваат пронајдените предмети и се споредуваат со оние на наставникот кој редоследно исто така поставува на својата ка́тедра баш за таа намена. Додека се врши пребројувањето на собранте предмети се води сметка континуирано истите да се именуваат и опишуваат по нивната боја и големина од страна спротивната група. Се посочува и причините за успешноста на групата од страна на наставникот и учениците. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Заедничка активност, именување на учените геометриски тела и посочување на предмети од непосредната околина воочувајки ја и именувајки ја нивната форма. Самостојна активност во учебникот на страна 11. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Заедничка проверка во групи со кординација од страна на наставникот на прва, трета и четврта задача. Проверка со поставување на табла на втора задача, со цел именување на форма, боја, големина на геометриските тела. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| Дневна подготовка |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во просторот |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Предмети во форма на геомериски тела -утврдување |
| **ЦЕЛ:**<br>Да воочуваат предмети од непосредната околина во форма на учените геометриски тела.Развивање на способност да ги препознаваат и именуваат геометриските облици , нивната боја и големина. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>Стиропол со кружна форма, картонски лица за стирополот со различни математички цртежи. |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>**„Тркало на срeќата„**<br>Оваа нагледно средство наставникот го изработува еднаш, а истото може да има намена во различни наставни содржини но и по сите наставни предмети. Истото е направено од стиропол (може и од друг матерјал) и има кружна форма со центар, кој се поставува во шајче или изработен сталак така што може кругот слободно да се врти. Од десната странан крај кругот се поставува стрелка кој мора да е фиксирана на едно место. Наставникот изработува три картонски круга и тоа првиот поделен на шест дела, во секој дел нацртани контурите на учените геометриски тела со иста големина и боја. Го поставува на стирополот го завртува тркалото на среќа, онаму каде ќе застане, учениците го именуваат тоа геометриско тело. На вториот картонски круг сега со дванаесет дела на кои се нацртани учените геометриски тела но со различна големина и боја. Се поставува вториот картон и тркалото на серќа продолжува да врти, од учениците со барање да се именуваат и бојата и големината на геометриските тела. На ист начин и третиот со дванаесет дела и во секој дел по еден предмет од непосредната околина со форми од учените геоетриски тела, различна боја и големина кој се именуваат откако ќе застанат на стрелката на тркалото на среќа. За подобра мотивација на учениците и потикнување на нтпреварувачки дух, децата може да се поделат во групи и истата игра да е во духот на натпревар меѓу групите. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Самостојна активност на учениците во учебникот на страна 12. |

| |
|---|
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Откако ќе се означи крај на самостојната активност учениците се поставуваат во групи и низ целата училница наставникот поставува по три копии од правилното решение на секоја задача. По еден преставник од групата се придвижува пред решенијата, воочуваа како е точниот одговор и се враќа на своето место да даде повртна информација на групата и заеднички да се воочи дали истото се совпаѓа со решенијата во групата.. Така наизменично се менуваат членовите во групата за да се направи проверка на сите задачи..На крај даваат извештај пред сите за решенијата или можните гешки во задачите. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| **Дневна подготовка** |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во рамнината |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Триаголник и круг |
| **ЦЕЛ:**<br>Да ги препознава, идентификува и именува геометриските фигури триаголник и круг.<br>Да се оспособува да црта со помош на шаблон триаголник и друг.<br>Да открива триаголник и круг од непосредната околина. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>слагалка изработена од страна на наставникот, учебник |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>,,Состави го предметот - слагалка,,<br>Учениците се делат во групи. Секое дете добива по еден комплет делови од триаголнеста слика од одредена позната приказна во првата група, а пак во втората група секое дете добива по еден комплет делови од кружна слика од исто така позната приказна по избор на наставникот. Од сликите треба да се направат слагалки на следниот начин: првата слика да се исече на два дела вертикално; втората слика да се исече на четри дела вертикално и хоризонтално; третата слика да е исечена на четри дела дијагонално; четвртата слика, целината на приказната да е поделена на делови според елементите, предметите што се нацртани на самата слика; петата слика да е поделена на неколку дела без било каков одреден ред. Децата од двете групи се натпреваруваат кој побрзо и точно ќе ја нареди сликата од приказната. Откако ќе бидат наредени се бараат од учениците да кажат за кој две |

| |
|---|
| приказни станува збор. Оваа игра се усложнува така што во втората варијанта се вртат деловите наопаку, чија позадина е исто бојадисана и не се гледа цртежот, туку само формата на деловите од целината, од која децата ја составуваат целината и тоа во првата група кругот, а во втората триаголникот. Откако ќе ги добијат геометриските слики ги именуваат неколку пати поединечно и зеденички групата. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Активностите се пренасочуваат во учебникот на страна 13 каде што се разгледува најпрво сликата на која ги проноѓаат геометриските фигури круг и триаголник. Прва,втора и трета задача се решаваат напоредно и тоа најпрво со читање на наптствието заеднички од еден ученик, а потоа со самостојна активност на сите.На ист начин се решаваат и задачите на страна 14. со заедничко читање, а самостојно решавање. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Зедничка проверка на задачите со посочување на целта на часот. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| **Дневна подготовка** |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во рамнината |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>**Т**риаголник и круг - вежби |
| **ЦЕЛ:**<br>Да ги препознава, идентификува и именува геометриските фигури триаголник и друг.<br>Да се оспособува да цта со помош на шаблон триаголник и друг.<br>Да открива триаголник и друг од непосредната околина. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>Дрвени боички, хартиени коцки, математички логички плочки, греда во боја |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница, училишен двор |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Учениците ги изнесува наставникот надвор каде што црта геометриски слики триаголник и друг на неколку места наизменично со различна големина. Децата се оставаат да трчаат слободно обавестени предходно дека на даден знак на наставникот имаат за задача да се групираат и се наредат концентрирано еден до друг по нацртаните страни на геометриската слики. Сликата перцептивно лесно се вочува оформена од нивните тела во просторот. Играта се повторува неколку пати така што да можат сите деца да ги воочат оформените слики во просторот. |

**УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**
По активностите во училишниот двор во училницата се повторува кои геомериски слики биле формирани од страна на самите ученици. Практични активности на учениците од работни листови или изработен наставен лист од страна на наствникот. Самостојна активност на учениците, но заедничка група проверка на решенијата.

**ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**
Наставникот прави онолку коцки колку групи што може да направи од бројот на ученици во своето одделение и на коцките на нивните страни црта триаголници и кругови со различна големина и боја на сите шест страни. Ги дели на децата во групите на кои предходно секое пред себе става има по еден комлет логички математички плочки. Коцките се вртат сите наизменично. Која од геометриските фигури ќе се падне на ученикот што врти, ученикот ја именува и ја пронаоѓа истата во логичките плочки издвојувајки ја .

**ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:**

## Дневна подготовка

**ТЕМА:**
Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**
Форми во рамнината

**НАСТАВНА СОДРЖИНА:**
Квадрат, правоаголник - вежби

**ЦЕЛ:**
Да ги препознава, идентификува и именува геометриските фигури триаголник и друг.
Да се оспособува да цта со помош на шаблон триаголник и друг.
Да открива триаголник и друг од непосредната околина.

**НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**
Наставно середство изработено од наставникот - томбола

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**
училница

**ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**
„Томола со геометриски фигуре„
За оваа игра наставникот има малку поголем ангажман иако истата игра може понатаму да најде примена и за други наставни содржини и наставни предмети. За нејзина реализација потребно е да изработи 10 картони со големина 30*50 см кои се поделени на четри полиња. Во секое поле се наоѓа по една геометриска слика : друг, квадрат, триаголник, правоаголник; 40 празни квадрати со големина 10*7 см; 40 квадрати со големина 15*15 см на кои се нацртани учените геометриски слики.

| |
|---|
| На децата им се дава по еден картон со празни полиња и по четири празни квадрати. Помалите картони со нацртани геометриски слики ги има кај себе наставникот. Децата по определен ред влечат од тие картони и ја именуваат геометриската слика што е нацртана на картонот. Она дете кое има извлечено геометриска слика што ја има на својот картон ќе ја покрие со празниот квадрат. Одделените геометриски слики откако ќе бидат извлечени, наставникот ги става на видно место (пано, табла). Она дете што прво ќе ги покрие сликите на својот картон со празните квадрати е победник на играта. Победникот понатаму раководи со играта. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Активностите продолжуваат на страна 17 во учебникот. Во случај наствникот да има доволно време за доплнителни задачи истите може да се исползуваат од работни листови или дополнителен наставен лист изработен од него. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Истакнување на целта на часот, во паралелна блиц проверка на решенијата на задачите. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| **Дневна подготовка** |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во рамнината |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Препознавање на форми / Формирање на фигури |
| **ЦЕЛ:**<br>Да се оспособат учениците да ги препознаваат идентификуваат и именуваат геометриските фигури.<br>Да се оспособат да цртаат со помош на шаблон триаголни, куг, квадрат, правоаголник.<br>Обогатување на перцептивниот механизам, фантазијата и креативното мислење. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>Наставен лист, ножички, лепило, дрвени боички, триаголник шаблон |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>На учениците им се делат наставни листови на кои што е се наоѓа веќе започнат геометриски мозаик или така наречена идеа за орнаментална симетрична шара(како во прилог подолу), кој што за задолжение имаат во парови да ја продолжат и го пополнат целиот лист со помош на линиарот шаблон. Истиот треба да го средат и со соодветни бои но да се насочуваат |

| |
|---|
| истиите да не бидат нападни и многу разнолики за да биде во преден план формата, а не бојата. Отакако ќе се завршат активностите истите се поставуваат на одредено видно место и парот треба да даде обарзложение кој геометриски слики ги имало и со каква замисла се продилжил оранаментот. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Самостона активност во учебникот на страна 18 и 19. Наствникот дава напатствија за работа и ги кординира активностите во текот на активностите на учениците. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Заедничка анализа на стореното. Примена на соодветни мерни инструменти за следење и описно оценување на ученици кои од страна на наставникот се определени за опсервација во текот на овој училишен ден. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| **Дневна подготовка** |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Решавање на проблемски ситуации |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Танграм стр.53/54 |
| **ЦЕЛ:**<br>Да се оспособат учениците да ги препознаваат идентификуваат и именуваат геометриските фигури.<br>Да се оспособуваат за визуелна и мисловна анализа, потикнување развој на досетливоста, фантазијата и мислањето.<br>Да се оспособува да пронајде логичност во редоследот на геометриските фигури. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>ножички, лепило, дрвени боички, триаголник шаблон |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>„ Игра Пантомима „<br>Наствникот засанува пред учениците и со движење на рацете дава опис на една геометриска фигура. Ученикот кој ќе погоди за која геометриска слика станува збор, застанува на местото на наставникот и дава опис на друга геомериска слика. Може да се прошири описот и во посочувањето на големината на геометриските слика. Вториот дел од играта се состои од давање опис со помош на зборови, каде се насочуваат учениците да ги посочуваат како опис бројот на страните, сличност или меѓусебна различност на големината на стараните на геометриските сликии сл. |

| |
|---|
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Кординирани самостојни активности од страна на наставникот на учениците во учебникот на страна 53 и54. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>На секоја група им се дава веќе готов исечен танграм од кој за најкратко време со заедничка активност на членовите од групата на предходно даден лист во боја се лепат деловите и се формира замислената форма, за потоа од изработките да се направи мала изложба, која ќе се истакне во математичкото катче. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| **Дневна подготовка** |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во рамнината |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Прави и криви линии |
| **ЦЕЛ:**<br>Да се оспособат да препознаваат и именуваат права, крива линија.<br>Да се оспособат да користат линијар за цртање на права линија. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>Дрвени боички, бел лист од блок, креди во боја |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница , училишен двор |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>,,Манекени,,<br>Во училишниот двор наставникот црта две линии, едната права, едната крива. На учениците им дава образложение дека денеска ќе пробаат да ги емитиираат движењата на манекените. Најпрво треба правилно да го држат телота и главата , а потоа да се обидат да се движат по нацртаните линии. и тоа да се побара од учениците да ги именуваат по кави линии треба да се движат; најпрво по правата линија, а потоа по кривата линија што се исцртани на плочникот . По придвижувањето на учениците по линиите се инсистира преку најразлични парашање да се повторуваат видот на линиите прави и криви линии на движење. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Активностите продолжуваат во училницата и тоа во учебникот на страна 20 и 21 и тоа со заедничка анализа на содржините на задачите и нивните конкретни барања со понатамошна самостојна активност на учениците и реализација на бараното решение. |

| |
|---|
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Разговорот се насочува на инсектот мува и неговата траекторија на движење кој се имитира со движења на рацете од страна на учениците наведувајки ги да посочуваа дека се формираат криви и прави траектории на движење.Наставникот им дели празни бели листови на учениците пола а4 формат и им дава за задолжение со моливче да го забележат движењето на инсектот мува. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| **Дневна подготовка** |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Форми во рамнината |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Отворена и затворена крива линија |
| **ЦЕЛ:**<br>Да се оспособуваат да препознаваат и именуваат отворена и затворена линија |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>вуница-црвена и сина, две копчиња, две јажиња од Ф.З.О.,дрвени боички |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**<br>училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>За да го прилече вниманието наставникот , реализацијата на оваа наставна содржина ја започнува со приказна во која отворената и затворената линија им дава човекови особини - ги оживува. Та вели дека се сретнале затворената и отворената крива линија и се искарале меѓу себе, која од нив е поважна за децата во училиштето. Се карале што се карале секоја тврдејки дека со неа децата можат да нацртаат многу поважни работи, но на крајот откако се измориле дошле до заклучок дека децата нема да можат ниту без едната,ниту без другата. Тука наставникот наведува примери според моменталната ситуација и активности на работа што се дел и од математика и од македонски па и од запознавање на околината. На пример за да нацртаме сонце ни е потребно и крива отворена и крива затворена линија. На табла да се нацрта пример за отворена и затворена линија, за потоа да покаже преку пример со два конци од вуница кој едниот го заврзува, а другиот останува да лежи на масата. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>На секое дете му се дава по еден црвен еден син син конец од вуница и по две копчиња.Добиваа за задолжение да го вовлечат конецот во едното копче и другиот конец во другото копче. Двата краја на црвениот конец да ги подврзат. Се поставува парашањето од кој конец може да се извлече копчето? |

| |
|---|
| Се донесува заклучок дека копчето од заврзаниот конец не може да се извлече, додека од другиот без поголеми потешкотии се извлекува копчето. Активностите продолжуваат во математиката на страна 22 и 23. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:** Се земаат две јажиња за скокање од предметот Ф.З.О. На едното јаже се подврзуваа краевите и им се дава на учениците внатре да тркалаат топка, но така што да не излезат од јажето, од што повторно се донесува заклучок од кое јаже мож да се излезе, а од кое не може. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| **Дневна подготовка** |
|---|
| **ТЕМА:** Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:** Форми во рамнината |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:** Прави, криви,отворени и затворени линии - вежби |
| **ЦЕЛ:** Да се оспособуваат да препознаваат и именуваат отворена и затворена линија Да се оспособат да препознаваат и именуваат права, крива линија. Да се оспособат да користат линијар за цртање на права линија. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):** вуница-црвена и сина, две копчиња, две јажиња од Ф.З.О.,дрвени боички |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** училница, училишниот двор |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:** За оваа наставна содржина предвидени активности е пожелно да бидат активностите и игрите од предходните две наставни соджини со цел да се направи една синтеза, заокружување. На тема ,, Во светот на волшебствата,, изработка на цртеж од страна на учениците исклучиво со посочените видови линии. |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:** Практични активности на учениците во работни листови или изготвен наставен лист од страна на наставникот. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:** Изработка чек листа од страна на наставникот за следење на учениците. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| **Дневна подготовка** |
|---|
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Односи меѓу предметите |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Горе, долу/над, под |
| **ЦЕЛ:**<br>Да ја одредува и вербално искажува положбата на предметите во нивниот меѓусебен однос со примена на соодветна терминологија.<br>Да се оспособуваат графички да ги претставуваат меѓусебните односи на предметите. |
| **НАСТАВНИ СРЕДСТВА, МАТЕРЈАЛИ (помагала):**<br>линијар шаблон, дрвени боички |
| **МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** училница |
| **ТЕК НА АКТИВНОСТА** |
| **ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Учениците се поставуваат во круг . Со броенка се одредува едно дете за во средината на кругот. Негова задача е баз да погреши да каже два предмети за кои со сигурност може да се рече дека се наоѓа горе, т.е. долу. Препорачливо е наставникот да интерпретира стихови со кои уште повеќе децата ќе ги воведе во правилниот тек и целата на играта, како следните стихови:<br>Горе гранка, долу трева,<br>А во трева зајчето спие.<br>Ветрето пирка меѓу гранките,<br>А под гранките зајачето сонува.<br>А што сонува, тоа веќе го знаете,<br>Лист зелка и салата...,,<br>Искажувањето на предметоте од страна на учениците треба да иде брзо без многу развлекување на времето по претпоставка дека тие односи меѓу предметите се веќе усвоени од минатата година . |
| **УЧЕЧКО-ПОУЧУВАЧКИ АКТИВНОСТИ:**<br>Активностите продолжуваат со именување предмети кои се наоѓаат над и под во училницата, за потоа да следат активности во математиката на страна 24 и 25. Наствникот треба да ги исползува дадените почетни слики од авторите во математиката на посечените страници по кои што ќе ги повтори односите горе - долу, над - под. По усниот заеднички разговор по сликите во учебникот напоредно на стр.24 и 25 во кординација, надзор и насоки на наставникот се решаваат зададените задачи. |
| **ЕВАЛУТИВНИ АКТИВНОСТИ:**<br>Креативно-творечка активност: учениците да се обидат со помош на наставникот да создадат стихотворба каде ќе биде провејана целата на овој час. |
| **ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ:** |

| Дневна подготовка |
| --- |
| **ТЕМА:**<br>Форми во просторот, форми во рамнината и односи меѓу нив |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:**<br>Односи меѓу предметите |
| **НАСТАВНА СОДРЖИНА:**<br>Блиску-далеку, пред-зад |
